на КП бр.19554/51, КО Куманово, со површина од 810 м2, запишано во Имотен лист бр.83095 и КП бр.19554/52, КО Куманово, со површина од 9 м2, запишано во Имотен лист бр. 36630, согласно Извод од план бр.319/25 за Детален урбанистички план за дел од УЕ „Благој Стефковски - Гојчо“ УБ 46 Општина Куманово (2008 – 2013) бр.21-13122/2 од 2.9.2025 година, донесен од страна на Советот на Општина Куманово со Одлука бр.07-3810/21 од 24.3.2010 година, за изградба на објект од јавен интерес со намена Д3 - спорт и рекреација.

Член 2

Оваа одлука да ја спроведе Општина Куманово согласно Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Куманово („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/12).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-5068/4
9 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**1827.**

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 јуни 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2026 година бр.02-5778/12 од 9.6.2026 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, на седницата, одржана на 9.6.2026 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-5098/9
9 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**1828.**

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19, 110/19 и 121/24), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС НА ВНАТРЕШНИТЕ РЕВИЗОРИ

Член 1

Со овој правилник престанува да важи Правилникот за Етичкиот кодекс на внатрешните ревизори („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/10).

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-1887/1
8 јуни 2026 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

---

**1829.**

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОВЕЛБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Член 1

Со овој правилник престанува да важи Правилникот за повелбата за внатрешна ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/10).

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-1888/1
8 јуни 2026 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

---

**1830.**

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), министерот за финансии објавува

## О Б Ј А В А
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА

Со оваа објава престануваат да важат Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/14).

Бр. 18-1886/1
8 јуни 2026 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.